## Кои информации ќе ми бидат дадени?

На наводната жртва и на нејзиниот родител/негувател ќе им биде посветено посебно внимание во текот на испитувањето, вклучително:

- ќе бидат информирани за напредокот на испитувањето. Испитувачот ќе воспостави договорен распоред на контакти со родителот/старателот на детето
- ќе бидат известени за наодите на испитувањето во однос на детето - ако има повеќе од една наводна жртва во испитувањето, на родителот/негувателот ќе му бидат дадени информации само во врска со неговото/нејзиното дете
- ќе бидат информирани, во општи црти, за резултатите на ипитувањето.

Поимот „наоди" (findings) опишува дали има доволно докази за да се утврди дека конкретно наведената работа се случила - „издржан" навод ('sustained' finding). Ако нема доволно докази, наодот „не е издржан" ('not sustained').

Терминот „исходи" ('outcomes') ги опишува главните одлуки кои раководството на Диоцезата ги донесува кога еден или повеќе наводи во испитувањето се издржани. Исходите може да се однесуваат на испитуваниот работник на Диоцезата, и на оперативни или системски прашања.

## Информации за сведоците

Откако испитувачот разговарал со сведокот и неговиот исказ завршил, улогата на детето како сведок во испитувањето е завршена. Детето и родителот/старателот ќе бидат информирани кога испитувањето ќе заврши, но нема да им бидат дадени информации во врска со наодите или исходите.



## Детето е заштитено за време и после испитувањето

Диоцезата е посветена на унапредувањето на безбедноста, добросостојбата и благосостојбата на децата. Локалното раководство на телата на Диоцезата се обврзани да обезбедат на децата вклучени во испитувањето да им биде посветено особено внимание. Советување и дополнителна поддршка може да бидат организирани за детето ако процесот го вознемири или му предизвика стрес.

Секој навод дека работник на Диоцезата напаѓа или дискриминира некое дете бидејќи пријавило наводи на лошо однесување или поради учество на детето во испитување, се сфаќа многу сериозно и OoSG ќе спроведе истрага. Ако се утврди дека работник на Диоцезата учествувал во таква дискриминација, тој/таа ризикува сериозна дисциплинска акција.

OoSG ќе го заштити идентитетот на децата сведоци и ќе го открие само ако биде законски присилена да го стори тоа. Работник на Диоцезата кој е подложен на испитување има право да знае кого наводно го злоупотребил, но не и идентитетот на децата сведоци.

За повеќе информации што се случува во текот на испитувањето, може да погледнете на веб-страницата на Канцеларијата за заштита и во брошурата на Канцеларијата за заштита под наслов ***Што се случува при испитување за деца на Диоцезата.***

Office of Safeguarding
DIOCESE OF MAITLAND-NEWCASTLE

**Office of Safeguarding (Канцеларија за заштита)**
**Диоцеза на Мејтланд-Њукасл**

50 Crebert Street, Mayfield NSW 2304
PO Box 152, Mayfield NSW 2304
**Телефон** 02 4979 1390
**Имејл** childprotection@mn.catholic.org.au
**www.officeofsafeguarding.org.au**

30496

Office of Safeguarding
DIOCESE OF MAITLAND-NEWCASTLE



# Информации за родителите и негувателите

## на децата вклучени во испитување од страна на Диоцезата

www.officeofsafeguarding.org.au



Диоцезата го смета за неприфатливо секое наводно лошо однесување или насилничко однесување кон деца.

Деца може да бидат вклучени во испитување од страна на Диоцезата или како жртви на наводна злоупотреба или поради лошо однесување на работник на Диоцезата, или како сведоци на тоа. Вклученост во било кое испитување може да биде многу стресно, па лесно е да се има чувство на оптовареност и збунетост.

Цел на испитувањата што ги спроведува Диоцезата е да се разбере што се случило кога постои загриженост дека дете е можеби предмет на злоупотреба или на лошо однесување.

Целта е да се намали секој можен ризик, да се помогне детето и семејството да останат безбедни, и да им се понуди поддршка што може да биде потребна за да се постигне тоа.

## Кој ќе ја разгледува жалбата?

Диоцезата ќе спроведе испитувања на ниво соодветно со сериозноста на наводите.

Локални лидери - на пример, директор на училиште или менаџер - може да спроведат некои испитувања под надзор и со поддршка од Канцеларијата за заштита (Office of Safeguarding). Овие „локални испитувања“ се неформални и брзо завршуваат, бидејќи природата на наводите е помалку сериозна или претставува само помало кршење на професионалните стандарди.

Канцеларијата за заштита мора да ги истражи сите наводи подложни на испитување и да спроведе секое друго испитување за кое смета дека е соодветно. Тоа може да вклучува прашања каде што постои претпоставка за или вистински конфликт на интереси.

## Дали ќе биде контактирана полицијата?

Диоцезата ќе пријави на Полицијата на Нов Јужен Велс и на други соодветни служби, криминално однесување:

- во кое е вклучено дете или група деца.
- кое претставува “serious indictable offence“.

“Serious indictable offence“ е кривично дело казниво со затвор во траење од пет или повеќе години.

Во зависност од природата на наводите, исто така може да поднесеме извештај на Министерството за заедници и правда (Department of Communities and Justice) (порано FACS).

## Колку долго ќе трае испитувањето?

Испитувањата може да бидат релативно едноставни и да завршат за неколку недели. Други испитувања трајат со месеци, понекогаш со години.

Во некои посериозни испитувања се вклучени официјални установи кои спроведуваат сопствени истраги. Истрагите на официјалните установи имаат предимство - полициските истраги се од извонредна важност, а потоа на други официјални установи како што е Министерството за заедници и правда. Најчесто Диоцезата е должна да чека најнапред официјалните установи да ги завршат нивните истраги, пред на Диоцезата да и биде дозволено да почне со нејзина истрага.

## Дали ќе се разговара со моето дете?

Испитувачот ќе побара согласност од родителот/негувателот и од детето за учество во испитувањето. Ако и родителот/негувателот и детето се согласат да учествуваат во испитувањето, испитувачот ќе направи аранжмани за разговор со детето.

Детето треба да се чувствува безбедно и со поддршка што е можно повеќе. На разговорот со детето мора да има сведок/сведоци. Еден или повеќе родители/негуватели на детето или друго возрасно лице од доверба треба да присуствуваат на разговорот со детето.

Со согласност на родителот/старателот и на детето, разговорот ќе биде тонски сниман. Од тонската снимка ќе биде направена транскрипција во писмен запис на разговорот, од кој еден примерок ќе му биде пратен на детето (под надзор на неговиот родител/старател).

Ако родителот/старателот или детето одлучат да не учествуваат во испитувањето, од родителот/старателот ќе биде побарано таа одлука да му ја достави на испитувачот во писмена форма. Одлуката да не се учествува веројатно ќе влијае на испитувањето.

